# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТА НА КОМИТЕТ ЗА ИСТРАГА НА ВОЗДУХОПЛОВНИ НЕСРЕЌИ И СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ ЗА 2023 ГОДИНА

Јануари, 2024

## 1. Вовед

Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти е независно истражно тело за спроведување на техничко истражување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, согласно член 5 од Законот за воздухопловство. Формиран е од Владата на Република Северна Македонија, со Одлука бр. 41-806/1 од 03.04.2012 година.

За непречено извршување на задачите, Комитетот треба да биде организациски, функционално и финансиски независен од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за цивилно воздухопловство и од субјектите на воздухопловната индустрија чии интереси можат да бидат во конфликт со неговите задачи и овластувања.

Основна задача на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти е техничко истражување и анализирање на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, со основна цел да се утврдат причините, факти и околностите под кои се случиле и да предложи безбедносни препораки за спречување на нови настани на загрозување на безбедноста на цивилното воздухопловство како и следење и анализирање на несреќи од земјите со кои Комитетот има развиено добра стручна соработка.

## 2. Спроведени истраги

Во текот на 2023 година работата на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти на Република Северна Македонија во делот на истрагите се однесуваше единствено на комплетирање на финалните извештаи поврзани со истрагите за настани кои се случија во текот на 2022 година. На големо задоволство на Комитетот, 2023 година измина без ниту една воздухопловна несреќа или сериозен инцидент на територија на Република Северна Македонија.

Завршена е истрагата во врска со сериозниот инцидент на воздухопловот од типот Mooney 20C случен на Меѓународен Аеродром Скопје на 19.08.2022 година, каде заради несоодветно одржување на воздухопловот и дотрајаност на витални елементи од системот на стојниот трап настанува колабирање на предното носно тркало во момент на стартување на воздухопловот на паркирна позиција. Со самото колабирање на предното тркало елисата заринкува во асфалтна површина и настанува оштетување во самиот мотор. Инцидентот е без повредени лица. По завршување на истрагата, Комитетот во мај 2023 година изготви финален извештај за сериозниот инцидент, во кој ја издаде следната безбедносна препорака:

- Во насока на избегнување на исти или слични сериозни инциденти во иднина, се препорачува вршење на соодветно техничко одржување согласно Програмата за одржување на воздухопловот.

Во врска со настанот WZZ2425 – MAP7710 – М-НАВ случен на Меѓународен Аеродром Скопје на 17.11.2022 година, каде пилотот на патничкиот воздухоплов официјално поднесува пријава за безбедносен настан до контрола на летање (М-НАВ) дека полициски хеликоптер презел активности без најава на контрола на летање во истиот момент на полетување со патнички воздухоплов, истрагата покажа дека нема елементи за класификација на настанот како сериозен инцидент, односно нема загрозување на воздухопловната безбедност.

Сериозен инцидент WZZ8820 – WZZ1381 – М-НАВ случен на Меѓународен Аеродром Скопје на 03.12.2022 година каде на приод за слетување на еден патнички воздухоплов друг воздухоплов е на полетно слетна патека во фаза на полетување. Пилотот на првиот воздухоплов одлучува да го прекине слетувањето и оди во фаза ,,GO AROUND“ односно продолжува за формирање на процедура за повторно слетување. Пилотот на патничкиот воздухоплов официјално поднесува пријава за безбедносен настан до контрола на летање – М-НАВ. Истрагата е во тек.

## 3. Соработка со надворешни институции / организации

Врз основа на долгогодишна соработка, Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти и надлежното тело за истраги во воздухопловството на Република Словенија во октомври 2023 година потпишаа Меморандум за разбирање. Целта на овој договор е воспоставување на рамка за давање на меѓусебна техничка и кадровска помош како и континуирана размена на информации и искуства во насока на подобрување на воздухопловната безбедност.

Во организација на ECAC (European Civil Aviation Conference) во Братислава, Република Словачка на 25 Април 2023 година се одржа работилница за истражување на воздухопловни несреќи и инциденти на експертската група ACC на која учествуваа истражителите на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи на Република Северна Македонија. Истражителите исто така земаа учество и на семинар на ESASI која се одржа на 26 Април 2023 година, на кој беа разработувани повеќе студии на случаи за несреќи и сериозни инциденти на кои се дискутираше за крајните заклучоци и дадените препораки.

Во организација на ECAC (European Civil Aviation Conference) во Париз, Република Франција во периодот од 11-12 октомври 2023 година, се одржа 59-от состанок на експертската група за истраги на воздухопловни несреќи и инциденти ACC на кој учество земаа и истражителите на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи на Република Северна Македонија. Во рамките на огранизацијата на настанот, беа одржани повеќе состаноци на кои се дискутираше за новите трендови во воздухопловната индустрија и се потенцираа клучните критични области во делот на воздухопловната безбедност. Во рамките на настанот беа организирани и работилници на кои се разработуваа студии на случаи за воздухопловни несреќи во минатото со цел размена на мислење и научени лекции.

Во периодот од 13-14 декември 2023 година во Тирана, се одржа регионална средба со претставници од нациналните истражни тела во воздухопловството на Република Црна Гора, Република Косово, Република Северна Македонија и Република Албанија. На средбата беа поканети да учествуваат и претставници од Република Србија и Република Грција, но истите не присуствуваа заради спреченост. Целта на оваа регионална средба беше размена на искуства за постапување при истраги на терен на воздухопловни несреќи. Воедно беа разменети информации поврзани со техничка и кадровска опременост на секое национално истражно тело, заради давање на меѓусебна помош онаму каде ќе биде потребно. На средбата се поттикна иницијатива за поскоро потпишување на Меморандуми за разбирање помеѓу националните надлежни тела за истраги на присутните претставници.

Во организација на Европскиот секретаријат во периодот 14-15 март 2023 година во Брисел беа одржани низа состаноци на кои присуствуваше експертска група составена од учесници делегирани неколку институции за транспорт од Република Северна Македонија.

На состаноците се дискутираше за актуелни одредби во ЕУ регулатива поврзани со повеќе области на транспорт со цел услогласување на законските одредби од националното законодавство кое ги разработува различните одредби од Поглавјето транспорт. Како дел од експертската група беше повикан еден истражител од Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти на Република Северна Македонија.

## 4. Реализирани активности

Согласно планот за работа на Комитетот за 2023 година може да ги напоменеме следните реализирани активности:

- Континуирани обуки на територијата на Козјак, Мариово, Крушево, Плачковица и Осогово со цел теренско запознавање и практикување на процедури при истрага на терен со употреба на дрон. Учество и на дел од надворешни истражители;

- Набавена е дополнителна лична високогорска опрема за заштита при работа за двајца истражители согласно расположиви ресурси на Комитетот;

- Набавен е телеобјектив за фотографирање како дел од опрема за вршење на увид на лице место согласно расположиви ресурси на Комитетот;

- Активно учество во подготовките заедно со Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија пред претстојната оценска мисија на Европската Комисија која ќе спроведе проценка на исполнетоста на условите од првата фаза на протоколот V од спогодбата за основање на Европската заедничка воздухопловна област-ЕВЗО („Сл.весник на РМ“ бр.27/7, 98/09 и („Сл.весник на РСМ“ бр. 259/19);

- Редовно учество во работата на Националниот комитет за безбедност (safety) и националниот комитет за соработка во АЦВ;

- Изработени се годишни извештаи и планови.

## 5. Организациско работење

Во насока на продлабочување на соработката со ЕУ организациите поврзани со воздухопловната безбедност, Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти на Република Северна Македонија во септември 2023 година испрати допис до ENCASIA со кој ја искажа намерата за добивање на статус на набљудувач во оваа организација.

Согласно измените во подзаконските акти во делот на истрагите, односно донесување на нова Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата и, содржината и начинот на водење на евиденцијата и начинот за издавањето и одземањето на службената легитимацијана истражителите, Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти на Република Северна Македонија изготви ревидирани изданија на оперативниот прирачник за работа како и пропратните процедури и упатства за работа.

Во ноември 2023 година Г.Љупчо Аврамовски поднесе оставка од функцијата истажител поради заминување на нова работна позиција како Инспектор за аеродроми во Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија.

Согласно насоките на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година Комитетот направи сериозна заштеда на буџетските средства.

Скопје, 31 Јануари 2024 година

Комитет
за истрага на воздухопловни несреќи
и сериозни инциденти

Претседател
Зоран А. Илиевски

_________________________